Број на Службен весник:218/2024
Датум на објава на Службен весник:28.10.2024
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), во член 2 во точката 11 по зборовите: „и/или располага" се додаваат зборовите: „и/или го поседуваат и/или го располагаат членовите на земјоделската задруга".

Во точката 35 сврзникот „и" се заменува со точка и запирка.

Во точката 36 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и".

По точката 36 се додава нова точка 37, која гласи:

„37. Земјоделска задруга е организациона форма на доброволно здружување на земјоделски стопанства согласно со закон, заради остварување на нивните економски, социјални, културни и други интереси и потреби при вршење на земјоделската дејност.".

## Член 2

Во членот 14 став (1) зборовите: „Законот на земјоделски задруги под услови и на начин пропишани со овој закон" се заменуваат со зборовите: „Закон за задругите, регистрирани за вршење на земјоделска дејност, а евидентирани во Министерството.".

## Член 3

Во членот 74 став (3) во алинејата 3 зборовите: „или согласно со Законот на земјоделски задруги" се бришат.

Во став (4) во алинејата 2 зборовите: „Законот за земјоделски задруги" се заменуваат со зборовите: „Закон за задругите регистрирани за вршење на земјоделска дејност и евидентирани во Министерството".

Во ставот (5) зборовите: „и/или со Законот за земјоделски задруги" се бришат.

По ставот (11) се додав нов став (12), кој гласи:

„(12) Формата, содржината, начинот на запишување, потребната документација и бришење во евиденцијата на земјоделски задруги ги пропишува министерот.".

## Член 4

Во членот 114 став (1) во алинејата 1 зборовите: „или Законот за земјоделски задруги" се заменуваат со зборовите: „регистрирани за вршење земјоделска дејност".

## Член 5

Во членот 122 став (2) во алинејата 1 зборовите: „или Законот за земјоделски задруги“ се заменуваат со зборовите: „регистрирани за вршење земјоделска дејност“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.